# Дневна хемеротека за *14.03.2016г.*

## Телма - *„Југогохром“ да покаже поголема општествена одговорност*

ТЕЛМА

## „Југогохром“ да покаже поголема општествена одговорност

Ми се допаѓа Сподели 0 Tweet G+1 0 Pin it 13 March, 2016



Комбинатот Југохром да покаже поголема општествена одговорност побара градоначалникот на Општина Јегуновце Тони Коцевски.

Според него властите направиле големи отстапки во врска со системот за отпрашување на комбинатот, чиј рок за негова изградба е неколку пати продолжуван.

Локалната самоуправа и овозможи на фабриката бесплатно користење на голем број ресурси, од друга страна менаџерскиот тим на Југохром, ниту понудила ниту изработила еколошки проект во интерес на општината, посочи градоначалникот Коцески.

Градоначалникот Коцевски апелираше приоритет при вработувањата во Југохром да имаат жителтие од општина Јегуновце, кои најверќе ги трпат последиците од загадувањето на животната средина, како последица од работењето на комбинатот.

Генралниот директор на Југохром Васко Скендеровски во телефонска изјава, истакна дека во комбинатот моментално раборат 400 лица, ќе се вработат уште толку а приоритет според него во периодов што следи, ќе имаат жителите од Јегуновце.

Тврди дека фабриката интензивно работи на системот за отпрашување, кој ќе биде изграден согласно законскиот рок кој истекува на 31 октомври годинава.

Според Скендеровски, компанијата била и ќе биде отворена за соработка со локалната валст во врска со субвенционирање на еколошки проекти во интерес на жителите од Јегуновце.

**Зоран Димовски**



## Канал5 - *Градоначалникот до Југохром: Локалното население д аима приоритет*

Од Југохром директно егзистираат околу 200 домаќинства во општина Јегуновце и затоа е многу важно неговото рестартирање истакна градоначалникот на оваа тетовска општина Тони Коцевски. Сепак тој побара од управата на комбинатот приоритет во враќањето ...

## Локално - *Коцевски: „Југохром“ да покаже поголема општествена одговорност*

Градоначалникот на општина Јегуновце, Тони Коцевски, изрази разочарување од ниската општествена одговорност, која според него ја покажала фабриката „Југохром“ во изминатиов период. -И локалната и централната власт, спрема комбинатот биле толерантни ...

## Репортер - *Коцевски: „Југохром“ да покаже поголема општествена одговорност*

Градоначалникот на општина Јегуновце, Тони Коцевски, изрази разочарување од ниската општествена одговорност, која според него ја покажала фабриката „Југохром“ во изминатиов период. -И локалната и централната власт, спрема комбинатот биле толерантни

## Дневник - [Радика прави острови од пластика во Дебарското Езеро]

Дневник ONLINE

ЗАГАДУВАЊЕ НА АКУМУЛАЦИЈАТА

### РАДИКА ПРАВИ ОСТРОВИ ОД ПЛАСТИКА ВО ДЕБАРСКОТО ЕЗЕРО



**Реката Радика го полни Дебарското Езеро со големи количини вода од снегот што се топи деновиве, но и со големи количини разновиден отпад од дивите депонии во регионот на Долна Река.** Ова е особено забележливо деновиве кога поради врнежите и топењето на снегот на планините, водотеците се зголемени, предупредуваат дебарските екологисти.

- Во Дебарското Езеро се влеваат големи количини отпад. Тој главно пристигнува преку реката Радика, во која, по врнежите од дожд, отпадот од дивите депонии од подрачјето на Долна Река, општина Маврово Ростуше, завршуваат токму во оваа река, а потоа и во езерото. Отпад, иако во помали количини, доаѓа и од подрачјето на Жупа, но и од самите дебрани кои се рекреираат, рибарат или се одмораат покрај брегот и фрлаат отпад - велат од еколошкото друштво „Дешат".

Најмногу отпад има кај Косоврашки Мост, местото каде што Радика се влева во езерото, потоа под селото Пареши, па и на градската плажа. Во средината на езерото, речиси по целата негова должина, се создадени острови од отпад од пластика, дрва и други предмети.

- Имавме заеднички проект ние, екологистите од Дебар, заедно со колегите од Жупа и од Река, во просторот помеѓу Косоврашки и Мелнички Мост да се постави челична мрежа во која би се собирал целиот отпад. Потоа отпадот секојдневно би се чистел од мрежите. Но, за жал, с` остана само како проект - вели Атли Дема од друштвото „Дешат".

Овој проблем се очекуваше да се надмине со проектот „Чиста Радика", кој го финансира италијанската влада, но активностите предвидени со овој проект се само половично реализирани. Во општина Маврово-Ростуше, поточно подрачјето на Долна Река, односно по долината на Радика, изградени се само неколку пречистителни станици и канализациони цевководи, но не и сите. Исто така, не се изгради ни регионална депонија, која беше предвидена со овој проект вреден над шест милиони евра.

Пред секоја летна сезона граѓанските организации и многу млади организираат акции за чистење на брегот на езерото. Такви акции најавуваат и сега зашто езерото е главното место каде што дневно одмораат и по неколку илјади капачи. Како ќе се расчистува отпадот во езерото, с` уште не се знае. Во времето кога концесионер беше ХЕЦ „Шпилје" тоа го правеа работниците од рибочуварската служба.

Езерото е привлечно за рекреативен риболов, посебно откако концесионерот воведе поголем ред во порибувањето и заштитата од рибокорадци.

- Само лани езерото е збогатено со 10 илјади подмладок на автохтоната пастрмка. Порибувањето е во согласност со планот за порибување на вештачките акумулации, како и договорот за концесија помеѓу концесионерот, задругата „Охридска пастрмка" од Струга и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - вели Јован Бојчоски, државен инспектор по рибарство.

Слична е оценката и на Лири Делиши од подрачната единица на Министерството.

- Концесионерот ги почитува обврските од договорот за концесија. Како резултат на тоа, пополека се враќа некогашниот сјај на езерото, што потврдува и фактот дека многумина од дебарските спортски риболовци ловат и капиталци - вели Делиши.

Тој додава дека „Охридска пастрмка", според договорот, има концесија на езерото уште две години.

**Вера Тодоровска**

## Вечер - *Уметнички дела од рециклиран материјал*

вечер МАКЕДОНИЈА БАЛКАН СВЕТ СКОПСКА ЕКОНОМИЈ

КАВАДАРЦИ

# Уметнички дела од рециклиран материјал

**Регионалното еколошко друштво „Еко-живот" од Кавадарци организира натпревар во изработка на уметнички дела од рециклиран материјал од страна на ученици, информираше Роберто Паризов, претседател на друштвото.**



- Натпреварот е начин својата умешност да ја претстават ученици од основните и средните училишта од неколку општини во Тиквешкиот регион кои патем учат и за материјалите кои можат да се рециклираат, како дрво, стакло, пластика и слично, појасни Паризов.

За најдобрите изработки следуваат пофалници и награди.

Паризов нагласи дека целта е да се подигне еколошката свест на едно повисоко ниво и затоа на натпреварот ги повика да учествуваат сите вистински вљубеници во природата и чистата и здрава животна средина.